# ОТВОРЕН БАЛКАН, БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС И ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (ACQUIS)

## Брза анализа за оценката и насочувањето на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан

**Центар за економски анализи – ЦЕА**

**Автори: м-р Стефан Ристовски и д-р Симонида Кацарска**

Ноември 2022, Скопје

CEA
We are making
a difference

| | |
| --- | --- |
| **Проект:** | Оценка и насочување на потенцијалите на Иницијативата Отворен Балкан |
| **Имплементиран од:** | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| **Наслов**: | Отворен Балкан, Берлински Процес и Правото на Европската Унија (acquis): Брза анализа за оценката и насочувањето на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан |
| **Publisher**: | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| | Бул. Јане Сандански 63/3 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| | info@cea.org.mk |
| **Автори**: | Стефан Ристовски |
| | Симонида Кацарска |
| **Публикацијата е достапна на:** | www.cea.org.mk |

Изработката на оваа студија е поддржана од Open Society Foundations преку Проектот „Оценка и насочување на потенцијалите на Иницијативата Отворен Балкан " имплементиран од ЦЕА.

Ставовите изразени во овој документ не мора да го одразуваат ставот на Центарот за економски анализи – ЦЕА и Open Society Foundations

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.232.3(497-15)(047.31)
341.232.3(497-15):341.171(4-672ЕУ)(047.31)

РИСТОВСКИ, Стефан
Отворен Балкан, берлинскиот процес и правото на Европската Унија (ACQUIS) : брза анализа за оценката и насочувањето на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан / автори Стефан Ристовски и Симонида Кацарска. - Скопје : Центар за економски анализи - ЦЕА, 2022. - 38 стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Анекс. - Публикацијата е во рамки на проектот: „Оценка и насочување на потенцијалите на Иницијативата Отворен Балкан"

ISBN 978-608-4731-65-8

1. Кацарска, Симонида [автор]
а) Иницијатива „Отворен Балкан" -- Економска соработка -- Западен Балкан -- Истражувања б) Иницијатива „Отворен Балкан" -- Право на ЕУ -- Истражувања

COBISS.MK-ID 58984965

# Содржина


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** 4

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ** 5

**КОНТЕКСТ** 7

**ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН** 8

Хронолошки приказ на главните активности 8
Иницијативата Отворен Балкан – Меморандуми за соработка и договори 8
*Размена на добра* *8*
*Слободен проток на работници и услуги* *9*
*Слободен проток на капитал* *11*
*Останати области за трилатерална и билатерална соработка* *12*
*Механизми за имплементација и следење* *12*
Хронологија на главните активности 14
Промовирање на заедничкиот регионален пазар преку Берлинскиот процес 14

**АНАЛИЗА ПОМЕЃУ ИОБ И БП** 16

Дефинирање на регионот 16
Улогата на ЕУ и меѓународните партнери 16
Управувачка структура и сопственост 17
Проблеми и ризици 18
Низ призмата на Самитот на БП во 2022 – краток преглед 21

**ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН И ПРОЦЕСОТ НА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ (ACQUIS)** 23

**ПРОЦЕСОТ НА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ (ACQUIS)** 23

**ИНТЕРАКЦИЈА НА ИОБ СО ЕУ** 23

**АНАЛИЗА ПОМЕЃУ ИОБ И ПРАВОТО НА ЕУ (ACQUIS)** 24

Општ преглед 24
Внатрешен пазар 24
Конкурентност и инклузивен раст 26
Зелена Агенда и одржлива конективност 27
Ресурси, земјоделство и кохезија 28
"Невидливите кластери": Темелни вредности и надворешни односи 28

**ЗАКЛУЧОЦИ И ГЛАВНИ ПОРАКИ** 30

**ЛИСТА НА АНЕКСИ** 32

Анекс 1 Официјални документи усвоени во рамките на Иницијативата Отворен Балкан 32
Анекс 2 Официјален документ усвоен во рамките на Берлинскиот процес 33
Анекс 3 Статус на ратификација на потпишани договори во рамките на Иницијативата Отворен Балкан 34
Анекс 4 Усогласеност на Иницијативата Отворен Балкан со пристапниот процес во ЕУ 35

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ОЕО (AEO) | Овластени економски оператори |
| ЦЕФТА (CEFTA) Секретаријат | Секретаријат на Договорот за слободна трговија во Централна Европа |
| АП ЗРП (CRM AP) | Акциски план за Заеднички регионален пазар |
| ЕК (EC) | Европска комисија |
| ЕУ (EU) | Европска унија |
| ЕМУВ (EURES) | Европска мрежа на услуги за вработување |
| СДИ (FDI) | Странски директни инвестиции |
| ВОИ (HEI) | Високообразовни институции |
| ПАП РЕО (MAP REA) | Повеќегодишен акциски план за Регионална економска област |
| ПФР (MFF) | Повеќегодишна финансиска рамка |
| ИОБ (OBI) | Иницијатива Отворен Балкан |
| РЕО (REA) | Регионална економска област |
| РК МС (RYCO) | Регионална канцеларија за младинска соработка |
| ССА (SAA) | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| МСП (SMEs) | Мали и средни претпријатија |
| ПДС (SOEs) | Претпријатија во државна сопственост |
| ДФЕУ | Договор за функционирањето на Европската унија |
| РПИ ЗБ (WB EDIF) | Развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан |
| ЗБ6 (WB6) | Западеб Балкан 6 |
| КИФ ЗБ (WB6 CIF) | Коморски инвестициски форум за Западен Балкан |
| ФЗБ (WBF) | Фонд за Западен Балкан |
| ИРЗБ (WBIF) | Инвестициска рамка за Западен Балкан |

# Информации за проектот

**ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ – ЦЕА СПРОВЕДУВА ЕДНОГОДИШЕН ПРОЕКТ НА ФОО НАСЛОВЕН:**

**<u>ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН.</u>**

## КОНТЕКСТ

Согледувајќи ја ситуацијата во државите на Балканот во однос на намалениот интерес за проширување од страна на ЕУ, претседателот на Србија Александар Вучиќ, премиерот на Северна Македонија Зоран Заев и премиерот на Албанија Еди Рама донесоа одлука во октомври, 2019 година „да ја преземат судбината во свои раце“ и ја покренаа идејата за воспоставување на „мини Шенген“. Во јули, 2021 година, таа идеја прерасна во регионална иницијатива **„Отворен Балкан[1]”.** Иницијативата не претставува замена за членството во ЕУ, туку пат за забрзано пристапување и искористување на постоечките, но недоволно искористени потенцијали во овие држави, што би можело да поттикне дополнителен економски раст и развој, а следствено на тоа и поголема благосостојба на граѓаните.

## ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА МОМЕНТУМОТ

За развој и негување на соседските односи на Западен Балкан во цел да се зголеми економскиот просперитет, потребно е да се укинат граничните контроли и останатите бариери за да се олесни протокот на луѓе, стоки и услуги, како и капиталот во регионот. Анализа на разликите по региони (на пр. приморски наспроти копнени, NUTS 2 и NUTS 3 региони, градски наспроти селски, главни градови наспроти останатите градови) за државите на Западен Балкан може да даде одговори во врска со приоритетите за забрзан раст и внатрешно приближување на регионот на Отворен Балкан. **Во овој миг не постои соодветно објаснета анализа за да се проценат предизвиците.**

Искуството со пандемијата на Ковид-19, кризата со храна и енергенси, како и војната во Украина ја нагласуваат важноста од внатрешна соработка и координација, како и потребата за заемно разбирање и солидарност помеѓу државите од Отворен Балкан. Внатрешната координација и соработка, размена на искуства и солидарност коишто државите од регионот си ги нудат едни на други носат вредност во поглед на идните интеграции во ЕУ доколку државите од Отворен Балкан зборуваат со еден глас со ЕУ.

Надворешното опкружување на државите од Отворен Балкан со војната во Украина уште повеќе нагласува колку е важна соработка и координацијата, како и потребата од заемно разбирање и солидарност.

## АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА

Додека на политичко ниво се покажува политичка волја на највисоко ниво за Отворен Балкан, сепак на административно ниво, т.е. „на терен“ луѓето се уште не можат да ги почувствуваат придобивките од оваа иницијатива. **Она што во најмала рака недостасува**

---

[1] Со Отворен Балкан се дефинираат териториите на шест држави: Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Албанија.

**е истражување на политиките засновано врз докази во врска со застојот во соработката помеѓу потенцијалите на шесте држави од Отворен Балкан.**

## АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ

**Група на независни експерти од шесте држави коишто ќе работат на дијагноза и истражување на застојот во соработката и координацијата помеѓу државите од Отворен Балкан ќе додадат вредност на веќе покажаната политичка волја за иницијативата Отворен Балкан да се развива на поструктуриран и систематски начин со осврт на приоритетите на патот кон развојот на оваа регионална иницијатива.**

# Контекст

Кога малкумина сметаа дека креативноста за уште еден регионален формат не може да вроди со плод, Албанија, Северна Македонија и Србија настапија заедно и ја објавија ИОБ. Оваа иницијатива се разликува од другите по тоа што е домашна, но исто така е создадена и ја водат самите држави. Со оглед на фактот дека ИОБ функционира во тандем и во рамките на веќе постоечки иницијативи, се поставува прашањето на нејзина неопходност и усогласеност со постоечките иницијативи.

Сите шест држави од Западен Балкан (WB6[2]) веќе се определиле за регионална соработка во рамките на Регионалната економска област (REA) во 2017 и подоцна за Заедничкиот регионален пазар (CRM) во 2020. Една нова иницијатива со слична природа го наметнува прашањето колку таа е слична или ризична; дали носи некакви новини или иновации во проектите за регионална интеграција коишто беа промовирани во рамките на Берлинскиот процес или можеби претставува само повторување на веќе постоечките иницијативи.

Регионалната соработка оди рака под рака со перспективата на шесте држави од Западен Балкан (WB6) за членство во ЕУ. Сепак, сите држави се наоѓаат во различна фаза од процесот на приклучување и нивото на подготвеност за преземање на обврските од членството во ЕУ и од Единствениот пазар е различно а сите. Ова го наметнува прашањето дали ИОБ се вклопува во пристапниот процес и дали придонесува кон исполнување на условите за членство во ЕУ.

---

[2] Покрај Албанија, Србија и Северна Македонија, Отворен Балкан ги опфаќа и Босна и Херцеговина, Косово, и Црна Гора.

# Иницијативата Отворен Балкан и Берлинскиот процес

# Иницијативата Отворен Балкан

## Хронолошки приказ на главните активности

Лидерите на Албанија, Србија и Северна Македонија ја објавија ИОБ , тогаш попозната како Мини Шенген, во октомври, 2019. Идејата беше да се забрза примената на четирите слободи на ЕУ, да се продлабочи Регионалната економска област (REA) на ЗБ преку целосно и слободно движење на стоки, услуги, капитал и работна сила во целиот регион.[3] Истата година, на самитите во Охрид[4] и во Тирана[5] се донесоа заклучоци со кои се предлага агендата и приоритетните мерки од иницијативата. Пандемијата на Ковид-19 го забави напредокот на иницијативата. И покрај одлуката да се укинат задолжителните PCR тестови,[6] порано од остатокот на светот, не беше забележан некој повпечатлив напредок во агендата на ИОБ . Со отпочнувањето на вакцинацијата во светот, беше возобновена и ИОБ во 2021 и 2022. За помалку од две години, се одржаа пет самити во рамките на ИОБ на коишто беа потпишани седум договори и усвоени два плана (Анекс 1). Овој брз напредок, заедно со учеството на некои официјални претставници на ЕУ на некои од состаноците, овозможија да се создаде дискурс на успех во најава за ИОБ , со што се фрли сенка врз останатите регионални иницијативи за соработка.

Сепак, неучествувањето на три од шесте држави од западен Балкан (WB6) создава песимистички изгледи за намерата иницијативата да го опфати целиот Балкан. Шефовите на Босна и Херцеговина и Црна Гора, по три години на отворени иницијативи, најпосле прифатија да земат учество на Самитот на ИОБ во 2022 година, меѓутоа не ставија потпис на ниту еден документ во рамките на иницијативата. Косово останува цврсто надвор од игра.

## Иницијативата Отворен Балкан – Меморандуми за соработка и договори

## Размена на добра

Меморандумот за соработка за олеснување на размената на добра предвидува исполнување на шест цели: да се поедностават постапките што е можно повеќе, постепено да се укинуваат бариерите за размена на добра, да се зголеми и да се зајакне економската соработка и да се промовира развојот на економски врски, како и да се разменуваат податоци помеѓу царината и останатите надлежни органи.[7] Еден дополнителен документ ги содржи приоритетните мерки кои што релевантните министерства и агенции треба да ги преземат според однапред дефиниран временски период. Овој Патоказ е оригинален по тоа што ги нагласува приоритетите коишто ги утврдила Стопанската комора[8] со цел да ја забрза

[3] Претседателот на Србија, премиерот на Република Албанија и премиерот на Северна Македонија, 'заедничка декларација за имплементација на Четирите слободи на ЕУ на Западниот Балкан' (10 октомври 2019) <https://api.pks.rs/storage/assets/deklaracija-tri-predsednika.pdf>.

[4] 'Самит во Охрид на WB6 – Забрзување на примената на Четирите слободи на ЕУ на Западен Балкан' (10 ноември, 2019) <https://api.pks.rs/storage/assets/Deklaracija_Ohrid1.pdf>.

[5] 'Заклучоци на претседавачите од Тирана' (21 декември, 2019) <https://api.pks.rs/storage/assets/final-tirana-declaration.pdf>.

[6] Влада на Република Северна Македонија, Претседател на Република Србија и Советот на Министри на Република Албанија, 'Меморандум за соработка во врска со олеснување на увозот, извозот и проток на стоки на Западен Балкан' (29 July 2021) <http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/working_permits.pdf>.

[7] ibid. article 1

[8] Патоказот беше усвоен на Самитот во Белград во ноември, 2021. WB CIF даде поддршка за развој на Патоказот и беше делегирана да ја следи имплементацијата. Погледнете Влада на Република Северна

имплементацијата на постоечките политички и правни обврски, но исто така нагласува и дека усогласувањето на правилата и постапките треба да биде засновано врз Правото на ЕУ (acquis).[9]

Два договора беа потпишани во согласност со меморандумот и Патоказот, договорот за соработка во областа на ветеринарство, безбедност на храна и сточна храна и фитосанитарни постапки, како и билатерални договори  за меѓусебно признавање на Овластените економски оператори (АЕО) помеѓу Албанија и Србија, како и помеѓу Албанија и Северна Македонија (Србија и Северна Македонија имаат потпишано ваков договор во 2019[10]). Овој договор го применува начелото на заемно признавање на резултатите од тестирање на производи и здравствени сертификати за прехранбени и непрехранбени производи и дозволи за Овластени економски оператори. Заедно со зголемената дигитална соработка, тие претставуваат важен чекор кон побрза и поевтина размена помеѓу државите. Меѓутоа, формалностите околу граничните премини се уште остануваат да важат, а увозот, извозот и транзитот се уште подлежат на физичка контрола и проверка на документи Понатаму, според договорите, граничните контроли се вршат во согласност со домашните закони без став за усогласување на тие национални пристапи.

Среде нарушениот синџир на снабдување и снабдување со храна, Договорот за безбедност на храна ги става државите потписнички во позиција да воведат забрани за извоз, ограничување на количините и мерки со еквивалентен ефект.[11] И покрај тоа што тоа се однесува само на одредени земјоделско-прехранбени производи, сепак придонесува за отворена размена помеѓу  трите држави. Државите се обврзале заеднички да се справат со недостатоците и проблемите со недостиг од храна, вклучително и преку зголемување на производствените капацитети и ланци на снабдување, но договорот не предвидува строги механизми за примена на овие обврски.

## Слободен проток на работници и услуги

За разлика од протокот на стоки, во рамките на ИОБ не постои меморандум кој дефинира сеопфатна листа на приоритети за соработка во областа на слободно движење на луѓе и услуги. Декларацијата од Охрид од 2019 година служи како единствен водич и вклучува четири приоритети: овозможување на слободно движење на луѓе со лични карти, еднаков третман за престој и вработување, усогласување на законите за социјално осигурување и работни односи, признавање на професионални квалификации и соработка во областа на безбедноста.[12]

---

Македонија, ‘Заедничка изјава на учесниците на денешниот состанок во рамките на иницијативата Отворен Балкан: иднината на проширувањето – ставови од регионот’ (https://vlada.mk/node/26945?ln=en-gb) <14/11/2021>

[9] ‘Нацрт Патоказ за имплементација на ’Меморандумот за соработка во врска со олеснување на увозот, извозот и движењето на стоки на Западен Балкан’.

[10] Службен весник на Република Северна Македонија, Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за заемно признавање на одобрувањата за овластени економски оператори – сигурност и безбедност (AEOs) 2019 [259].

[11] Влада на Република Северна Македонија, Претседател на Република Србија  и Совет на министри на Република Албанија, ‘Договор за механизми за безбедност на храна на Западниот Балкан’ (2 септември, 2022) <http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/id_agreement.pdf>.

[12] ‘Самит во Охрид на WB6 – Забрзување на имплементацијата на Четирите слободи на ЕУ на западен Балкан’ (n 3).

Меморандумот за соработка кој се однесува на олеснување на увозот, извозот и движењето на стоките во Западен Балкан[13] воспоставува рамка за либерализација на пазарот на труд, преку усогласување на националните закони, укинување на работните дозволи и поедноставување на постапките за добивање на дозвола за престој. Со оглед на тоа што со меморандумот се нагласува дека на државјаните кои доаѓаат од државата која ги испраќа ќе им треба дозвола за престој, тоа само по себе не подразбира потполно и слободно движење низ државите на ИОБ .[14] Според она што е предвидено во меморандумот, државите потпишале Договор со кој се уредуваат условите за пристап до слободниот пазар.

Со договорот се гарантира правото на движење, престој и работа на територијата на потписничките, како и еднаков пристап на пазарот на труд во државата примател.[15] Меѓутоа, се воведуваат постапки кои не дозволуваат тие права да бидат потполно применети. Наместо да се доделат автоматски, се предвидуваат постапки за издавање дозволи за пристап до пазарот на труд во согласност со законите на државите потписнички, според кои во моментов не е дозволен еднаков пристап до пазарот на труд[16] и државата примател го задржува правото да го одбие барањето. Понатаму, издавањето дозвола за работа не подразбира и право на престој. Еден од аспектите којшто е важен за правото на престој, е обврската да се регулира социјалното осигурување на дојденците и на работниците, која треба да се регулира со посебен договор којшто допрва треба да се потпише. И на крај, како што веќе беше спомнато погоре, договорот потврдува дека граѓаните на државите испраќачи треба да аплицираат за дозвола за постојан престој, што претставува уште една пречка за пристап до пазарот на труд.

ИОБ , за разлика од претходно, ја менува постапката за овозможување пристап до пазарот на труд со воведување на идентификациски број за граѓаните на Отворен Балкан,[17] што е регулирано со посебен договор.[18] Членот 7 дефинира дека граѓаните кои добиле таков број, *би требало да добијат слободен пристап на пазарот на труд* на територијата на државата примател. Дозволата е привремена и треба да се обновува на секои две години.

Договорот за заемно признавање на дипломите и научни степени е последната законска регулатива во рамките на ИОБ , а се однесува на пристапот на пазар на труд и давање услуги. Со овој договор се предвидува институционална соработка во оваа област и скратени рокови за постапки, без оглед дали дипломите и степените се издадени од институциите со или без Апостил печат.[19] Со овој договор не се предвидува автоматско

---

[13] Претседател на Република Србија, Претседател на Владата на, Совет на министри на Република Албанија и останати, 'Меморандум за соработка во врска со слободниот пристап до пазарот на труд  на Западен Балкан' (26 јули, 2021) <https://api.pks.rs/storage/assets/work-permits-final-for-signature.pdf>.

[14] Рејља Радовиќ, 'Отворениот Балкан не покажува знаци на остварување на ветените слободи' (16 јуни, 2022) <https://balkaninsight.com/2022/06/16/open-balkans-shows-no-sign-of-delivering-promised-freedoms/>.

[15] Влада на Република Северна Македонија, Претседател на Република Србија и Совет на Министри на република Албанија, 'Договор за условите за слободен пристап до пазарот на труд на Западниот Балкан.' (21 декември, 2021) <http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/working_permits.pdf>.

[16] На пример, Северна Македонија има постапка за издавање привремени дозволи за престој на странци и работни дозволи за кои се потребни низа документи и исполнување на услови кои не се бараат за државјани за вработување.

[17] Овој идентификациски број се добива преку државната еВлада/Национален портал за електронска идентификација и претставува дополнителен додаток на веќе посстоечкиот електронски идентитет на граѓанинот, што ќе значи доделување на права во рамките на ИОБ

[18] Владата на Република Северна Македонија, Претседател на Република Србија и Советот на министри на Република Албанија, 'Договор за меѓусебно поврзување на шемите за за електронска идентификација за граѓаните на Западен Балкан' (21 декември, 2021) <http://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/id_agreement.pdf>.

[19] Влада на Република Северна Македонија, Претседател на Република Србија и Советот на министри на Република Албанија, 'Договор за соработка на Западниот Балкан во областа на заемно признавање на дипломи и научни стелени издадени од високообразовни институции и останати овластени институции' (8 јуни, 2022)

признавање на дипломите и научните степени, туку само полесен и послободен пристап до пазарите.

Во оваа област на слободно движење на услуги, потпишани се три меморандуми кои имаат секторска важност, особено од областа на културата и уметноста, како и од туризмот. Меморандумот за соработка во областа на културата има за цел да ја олесни, прошири и продлабочи институционалната соработка во областа на културата, преку заеднички активности (размени, културни настани) за да се поттикне регионалната мобилност на уметниците и експертите, координацијата (културен Календар) и заедничките фондови (во најава е регионален театарски фонд). Слично на тоа, меморандумот од областа на кинематографијата и аудиовизуелните активности има за цел да создаде услови за зајакната и проширена соработка и копродукција во оваа конкретна област.[20] Во областа на туризмот, државите во рамките на ИОБ се обврзаа да поттикнат поволни услови за инвестирање, но и соработка за да се прошират услугите во областа на туризмот во насока на создавање еднакви позиции и заемни придобивки како основни начела на соработка во туризмот.[21]

И додека државите потписнички се обврзуваат на соработка во овие сектори, ниту еден од овие меморандуми не ги дефинира чекорите коишто државите ќе ги преземаат за да ги решат проблемите со бариерите за пристап на пазарот и еднаквиот третман на давателите на услуги. Единствен исклучок е меморандумот во областа на туризмот, со нејасни обврски отпочнување со напорите за приближување на националните закони,[22] наместо нивно усогласување. Во таа смисла, не е јасно колку единствениот пазар на услуги од областа на туризмот со исти правила за сите тур-оператори и туристички водичи ќе биде остварлив и во согласност со законодавството на ЕУ. Засега, туризмот и останатите услуги поврзани со патување остануваат предмет на регулирање на национални закони и на меѓународните договори.

Без оглед на тоа, овие меморандуми имаат дополнителна вредност. Активностите како што се заеднички програми и размена на професионалци од областа на културата и уметноста, како и промотивните активности и заедничките туристички производи, сите целат кон јакнење и ширење на регионалната соработка и промоција на културната разновидност, меѓу-културниот дијалог и заемно разбирање.

## Слободен проток на капитал

Во оваа област е забележана најмала активност. Соработката има за цел да ги зголеми инвестициите во регионот, помеѓу државите и од трети страни. Планираните активности вклучуваат преглед на билатералните договори за инвестиции кои се усогласени со стандардите на ЕУ, план за развој на инвестициските можности во регионот и напори за

<https://api.pks.rs/storage/assets/OhridFINAL%20Agreement%20Recognition%20of%20academic%20qualifications%20Open%20Balkan%20OHRID.pdf>.

[20] Министерство за култура и медиуми на Република Србија, Министерство за култура на Република Албанија и Министерство за култура на Северна Македонија, 'Меморандум за соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните активности на Западен Балкан' (2 септември, 222AD) <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/open_balkan_mou_on_film.pdf>.

[21] Министерство за економија на Република Северна Македонија, Министерство за трговија, туризам и телекомуникации на Република Србија и Министерство за туризам на Албанија, 'Меморандум за соработка во областа на кинематографијата и аудиовизуелните активности на Западен Балкан' (8 јуни, 2022) <https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/memorandum_of_understanding_on_cooperation_in_the_field_of_tourism_in_the_western_balkans.pdf>.

[22] Треба да се оформат работни групи за да се идентификува националното законодавство

зголемување на свеста меѓу приватните инвеститори на глобално ниво.[23] Неодамна беше основана и заедничка агенција за привлекување на инвестиции во државите од ИОБ .[24]

## Останати области за трилатерална и билатерална соработка

Во однос на заштитата на луѓето и животната средина, од ИОБ досега произлегле два документа, Договор за соработка во заштитата од непогоди и Оперативниот план во областа на цивилната заштита. Првиот документ ја воспоставува рамката за давање помош во случај на непогода кога една страна не е во можност да одговори на околностите. Вториот содржи општи обврски за соработка и размена на информации, како и координација за заедничко аплицирање за проекти.

На последниот самит одржан во Белград во ноември, 2022, ИОБ го прошири својот опсег на работа во енергетскиот сектор. Државите основаа работна група за енергетската криза, која има за задача да подготвува заеднички предлози за инвестиции во обновливи извори, како и предлози за интеграција на пазарот на електрична енергија и гас.[25] Како продолжување на тоа, Србија и Албанија потпишаа меморандум за соработка во областа на рударството и енергетиката, со цел да се поттикнат и поддржат инвестиции, како и заеднички научни и технолошки истражувања, со посебен акцент на обновливите извори на енергија.[26] Според јавните објави, првите опипливи резултати од соработката ќе може да се видат во изградбата на терминал за природен течен гас (LNG) во Албанија и LNG и гасни интер-конектори, како и во размената на вишокот произведени енергенси.[27,28]

Советот на министри на Албанија и Владата на Република Северна Македонија неодамна потпишаа 21 билатерален акт на меѓувладината седница која се одржа во Скопје. За разлика од билатералниот меморандум за рударство и енергетика помеѓу Албанија и Србија, овие акти не се поврзани, ниту се водат под ИОБ и покрај тоа што некои спаѓаат во опфатот на иницијативата.[29] За илустрација, воспоставувањето на заедничките гранични премини и заеднички работни тимови во областа на безбедноста помеѓу Србија и Северна Македонија се прославуваа како успеси на ИОБ во тоа време.[30]

## Механизми за имплементација и следење

Потпишаните договори и меморандуми во областа на размената на стоки и услуги предвидуваат создавање на мултилатерални тела, како што се мешовити тела, работни групи и комисии. Во повеќето случаи тие играат координативна улога, а во одредени случаи

---

[23] ‘Самитот во Охрид на шесте држави на Западен Балкан – Забрзување на имплементацијата на четирите слободи на ЕУ на Западниот Балкан’ (н 3).
[24] Влада на Република Северна Македонија, ‘Отворен Балкан’ <https://vlada.mk/node/30372?ln=en-gb>.
[25] Владимир Спасиќ , ‘Албанија, Северна Македонија, Србија да воспостават работни групи за соработка во областа на енергетиката’ (27 јули, 2022) <https://balkangreenenergynews.com/albania-north-macedonia-serbia-to-set-up-working-group-for-energy-cooperation/>.
[26] Нацрт текст на меморандумот за соработка помеѓу Министерството за рударство и енергетика на Република Србија и Министерството за инфраструктура и енергетика на Република Албанија за соработка во областа на рударството и енергетиката
[27] *Balkan Green Energy News*, ‘Албанија и Србија потпишаа меморандум за соработка во секторот енергетика и рударство’ (2 септември, 2022) <https://balkangreenenergynews.com/albania-serbia-sign-memorandum-to-cooperate-in-energy-mining-sectors/>.
[28] Овој пасус беше додаден по завршувањето на истражувањето (14.10.2022).
[29] Влада на Република Северна Македонија , [Ковачевски-Рама: Донесовме Конкретни Решенија За Граѓаните и Заедничката Европска Иднина На Северна Македонија и Албанија]’ (14 ноември, 2022) <https://vlada.mk/node/30994>.
[30] Овој пасус беше додаден по авршувањето на истражувањето (14.10.2022).

се задолжени и за имплементација и надзор. Додека некои од телата имаат јасно дефинирана структура, во поглед на застапеноста на државата, профилот на членовите и времетраењето на мандатите, а во поголем број случаи и нивните надлежности, се нејасни.

Размената на информации игра важна улога за секој меморандум и договор. Разрешување на споровите кои може да произлезат од нивната имплементација, страните ќе ги решаваат во добра намера и низ консултации. Секоја страна може во секој момент да испрати известување дека се повлекува, додека договорот ќе остане важечки за останатите страни. Измени и дополнувања се возможни доколку меѓусебно се согласат сите потписнички страни. Во случаи кога договорите се во спротивност на правата и обврските кои произлегуваат од меѓународните договори, ќе бидат важечки меѓународните договори.

# Берлински процес – БП

## Хронологија на главните активности

Берлинскиот процес беше отпочнат како поддршка на процесот на пристапување кон ЕУ во којшто институциите на ЕУ и (важно) државите членки може да се вклучат во дијалог на високо ниво со лидерите од регионот. Разрешувањето на нерешените билатерални и внатрешни проблеми, внатрешно помирувањето во општествата и помеѓу шесте држави на Западен Балкан (WB6), јакнење на регионалната економска соработка и одржливиот раст се уште претставуваат главни цели на иницијативата.[31]

Во согласност со целите, лидерите на Западен Балкан се обврзаа на хартија да се осврнат и на прашања кои се поврзани со лошото минато на регионите (исчезнати лица, воени злосторства и незаконско поседување, злоупотреба и трговија со оружје), како и на тековни проблеми како што се борбата против корупција, билатерални прашања и регионалната соработка, како и активности и теми кои се однесуваат на иднината, како што е дигиталната трансформација, позелени економии на државите од Западниот Балкан, одржлив транспорт и поврзаност и регионална економска соработка. Од друга страна, пак, финансиската и техничката поддршка беше насочена низ механизми промовирани во рамките на Берлинскиот процес - Фонд за инвестиции на Западен Балкан (WBIF) за транспортни и инфраструктурни проекти и Развој на претпријатија и иновации на Западен Балкан (WB EDIF) со прибирање финансиска и техничка поддршка за малите и средни претпријатија. Фондот за Западен Балкан (WBF) и Регионалната младинска канцеларија за соработка (RYCO) беа основани за да ја олеснат соработката, вклучувајќи го и финансирањето на граѓанското општество и на младите во регионот, додека инвестицискиот форум на комората на Западен Балкан е наменета за приватниот сектор. На различни форуми Берлинскиот самит нуди простор за интеракција помеѓу актерите на годишно ниво (Анекс 2).

Берлинскиот процес понуди механизми за соработка, координација и приоритизација на клучните проекти, особено инфраструктурни, како и простор за социјализација помеѓу шесте држави од Западен Балкан (WB6), но и со државите членки на ЕУ, што им овозможи на оние вторите подобро да ги разберат проблемите во регионот.[32] Од друга страна, пак, Процесот не созреа за да понуди доволно поддршка за имплементацијата на постојаниот раст во областите кои ги вклучува. Не постојат управни и надзорни механизми, ниту значително зголемување на финансиски ресурси за да се поддржат обврските за различни активности, што на шесте држави од Западен Балкан (WB6) им е очајно потребно.[33]

## Промовирање на заедничкиот регионален пазар преку Берлинскиот процес

На самитот во Трст, лидерите на шесте држави од Западен Балкан (WB6) го усвоија Повеќегодишниот акциски план за регионалната економска област (**MAP REA)**, првата структурирана агенда од таков тип која имаше за цел да ја поттикне регионалната економска интеграција преку интеграција на трговијата, воведување на регионален инвестициски

[31] Канцеларија за медиуми и информации на федералната влада, ‘Завршна декларација од страна на претседавачот со конференцијата за Западен Балкан’ (28 август, 2014) <https://www.bundesregierung.de/breg-en/news/final-declaration-by-the-chair-of-the-conference-on-the-western-balkans-754634>.

[32] Флорент Марциак (Florent Marciacq), ‘ЕУ и Западниот Балкан по Берлинскиот процес – осврт на проширувањето на ЕУ во време на неизвесност’ (2017) <https://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/13948.pdf>.

[33] ibid.

простор, олеснета мобилност и интегриран регионален дигитален простор.[34] Повеќегодишниот акциски план за регионалната економска област (MAP REA) ги формулираше амбициозните активности кои требаше да бидат имплементирани до 2020, со тоа што некои рокови беа продолжени до 2023.

Врз основа на недостатоците и успесите на овој план, лидерите на шесте држави на Западен Балкан го одобрија Акцискиот план за заеднички регионален пазар (CRM AP) во 2021. Тој план треба да служи како алатка за трансформирање на пазарот во регионот, да ја зголеми неговата атрактивноста и конкурентноста и да го приближи до пазарите на ЕУ. Планот е организиран во четири области: трговија, инвестиции, дигитализација и индустрија и иновации. Активностите кои се предвидени со планот вклучуваат либерализација на пазарот на стоки, услуги, капитал и луѓе, но и дополнителни мерки со цел овој пазар да се усогласи со правилата и стандардите на единствениот европски пазар, но и со политиките кои имаат за цел да привлечат инвестиции и да ги интегрираат индустриските сектори во европските и светските вредносни синџири.[35]

[34] РСС (RCC), ‘Повеќегодишен акциски план за Регионалната економска област во шесте држави на Западен Балкан’ (12 јули, 2017) <https://www.rcc.int/download/docs/map_regional_economic_area_06_july_2017_clean_version.pdf/5511a1f61b9f7165f7d539bfd4df5bae.pdf>.

[35] РСС (RCC), ‘Акциски план за заедничкиот регионален пазар’ (9 ноември, 2020) <https://www.rcc.int/download/docs/Final.%20CRM%202021-2024%20AP.DOCX/b881f4de43f2753241c8bcb55a6ed8a9.docx>.

# Анализа помеѓу ИОБ и БП

Тешка задача е да се направи јасна разлика помеѓу двете иницијативи затоа што и едната и другата постојано се менуваат. Со оглед на тоа, би било добро да се воспостават критериуми за набљудување на двете иницијативи за да се проценат сличностите и разликите, но и потенцијалот на двете иницијативи коишто имаат слични агенди и слични идеи за тоа како да се решат проблемите кои ни претстојат. Во една поранешна студија за заложбите за регионална соработка на ЗБ утврдени се пет предизвици коишто го ограничуваат потенцијалот на структурите за регионална соработка: јасна дефиниција за опфатот на регионот, улогата на меѓународните организации, дефинирање на проблемите и интересите во регионот и оние на меѓународните партнери, структура на управување и залагање и потенцијалот за развој на тие структури.[36]

## Дефинирање на регионот

Во студијата за сопственоста на регионалната соработка се доаѓа до заклучок дека географскиот опфат на структурите за регионална соработка се разликува, со што се ограничува синергијата. И ИОБ и Берлинскиот процес целат кон промовирање на регионална соработка која ги вклучува сите држави во регионот. На ИОБ не и оди лесно да обезбеди вклученост на сите шест држави на Западен Балкан (WB6) и нејзината способност да обезбеди идна поддршка се доведува во прашање. Критичарите ги наведуваат доминацијата и влијанието на Србија во оваа иницијатива, како во економска, така и во политичка смисла, но и искреноста на државите учеснички да го одржат ветувањето оваа иницијатива да стане вистински инклузивна.[37] Исто така се доведува во прашање и комплементарноста на оваа иницијатива со Берлинскиот процес и ЕУ. Овие аргументи одекнуваат во Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора, но исто така и во државите учеснички во ИОБ – некои лидери на држави и политички фигури,[38] но и граѓанските организации[39] ја изразуваат својата резервираност. Од друга страна, пак, Берлинскиот процес понуди еднакво учество на сите шест држави од Западен Балкан (WB6) од самиот почеток. И покрај тоа што ЕУ и нејзините држави членки се активни учесници во процесот, агендите и проектите кои се изработуваат во тие рамки се првенствено од интерес на државите од регионот, коишто тие самите си ги имплементираат.

## Улогата на ЕУ и меѓународните партнери

Во студијата за сопственоста на регионалната соработка се истакнува дека поддршката на партнерите од ЗБ во формулирање и спроведување на политики може да биде ефективна доколку регионалната соработка носи придобивки за регионот на ЗБ поголеми од само исполнување на условите за човечко и физичко наследство и економски напредок. Во овој дел се ориентираме кон улогата на меѓународните партнери, но и на конкретните придобивки од меѓународната поддршка.

---

[36] Михаел Вишерт (Michael Weichert) и останати, ‘Сопственост на дијалогот во регионалната соработка на западниот Балкан’ (Фридрих Еберт Штифтунг, јуни, 2009) <https://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/06609.pdf>.

[37] Омер Карабег, ‘Отворен Балкан – корист за сите или пред се за Србија [Otvoreni Balkan - Korist Za Sve Ili Pre Svega Za Srbiju?]’ (26 June 2022) <https://www.slobodnaevropa.org/a/most-otvoreni-balkan-srbija-korist/31914852.html?fbclid=IwAR1yVw-wW6lIj8TID5hypdpT0DDo0XQMLVXyrw2s8aVTulactJdebsqvPCo>.

[38] Албанските политички партии во Северна Македонија, но и претседателот изразија резервираност кога беше најавена Иницијативата Отворен Балкан во 2021. Опозицијата во Албанија одржа протести против Отворениот Балкан за време на самитот во Тирана истата година.

[39] Далиборка Уљаревиќ (Daliborka Uljarević) и останати, ‘Отворен Балкан – алатка за избегнување на начелата на владеење на правото како патоказ кон ЕУ?’ (17 јуни, 2022) <https://ba.boell.org/en/2022/06/17/statement-open-balkan-tool-avoiding-principles-rule-law-roadmap-eu>.

Успехот на Берлинскиот процес да ги собере на една маса сите држави од Западен Балкан (WB6) се припишува на фактот што ЕУ и нејзините држави членки играат активна улога во одржување во живот на регионалната агенда за интеграција и нејзино усогласување со пристапната рамка.[40] ИОБ , од друга страна пак, ги збуни ЕУ и државите членки на одреден период. Политиката на отворени врати во рамките на иницијативата ги повикува државите членки на ЕУ да се приклучат кон иницијативата, но нивната улога не е јасно дефинирана.

Кога станува збор за поддршката, САД дава цврста поддршка за иницијативата уште од самиот почеток, како од политички, така и од технички аспект.[41] Од друга страна, пак, ЕУ, Брисел и регионалните институциите зад кои стои Брисел, како што се Регионалниот совет за соработка (RCC) и ЦЕФТА испраќаат нејасни пораки во последните три години. Доколку треба да судиме според јавните настапи, сите испратија свои претставници на Самитот во Охрид, кои дадоа сигнал за (безусловна) поддршка. Поконкретно, покрај резервираноста за неучествувањето на шесте држави од ЗБ (WB6), неможноста директно да учествуваат во агендата создава немир меѓу ЕУ и државите членки. Со оглед на тоа што европските партнери вложиле многу низ годините досега, новиот Германски канцелар повика на обновување на Берлинскиот процес[42] и заедничкиот регионален пазар останува главен приоритет на ЕК.[43] Отворениот Балкан е прифатлив за ЕК се додека е инклузивен и додека придонесува кон процесот на приклучување кон ЕУ.[44]

До денес, оваа иницијатива се уште не е официјално одобрена од државите членки на ЕУ, освен од Унгарија чијшто министер за надворешни работи заедно со шефот на турската дипломатија присуствуваше на последниот состанок во Белград. Ваквите јавни појавувања можеби нема да предизвикаат штета на долг рок, но, ако ништо друго, испраќаат негативен сигнал. Понатаму, фактот дека некои држави членки на ЕУ беа намерно изоставени од Берлинскиот процес[45] укажува на тоа дека ИОБ како политичка платформа може да претставува конкуренција на Берлинскиот процес.

## Управувачка структура и сопственост

Студијата за сопственост на регионалната соработка понатаму вели дека вклученоста на надворешните актери во управувањето (во раководењето и применетата условеност) е поврзана со придобивките за регионот, но резултира со недостаток од регионална сопственост. Во тој контекст, новина со ИОБ е тоа што таа е првата политичка платформа со која управуваат исклучиво државите од регионот. Исто така, ужива голема поддршка

[40] 'Успеси и иднината на Берлинскиот процес' <https://www.berlinprocess.de/en/the-achievements-and-the-future-of-the-berlin-process-40>.

[41] Влада на Република Северна Македонија, 'Координаторите На „Отворен Балкан" На Средба Со Ескобар Во Вашингтон: Поддршка За „Отворен Балкан" и Неговото Проширување, Иницијативата Носи Резултати За Граѓаните и Компаниите' (4 март, 2022) <https://vlada.mk/node/27984>.

[42] Канцеларија за медиуми и информации на Федералната Влада на Германија, 'Федералниот канцелар во посета на Западен Балкан којшто е од стратешка важност за Германија' (11 јуни, 2022) <https://www.bundesregierung.de/breg-en/news/federal-chancellor-scholz-western-balkans-trip-2051514>.

[43] EWB, 'Писонеро: Заедничкиот регионален пазар воспоставен во 2020 останува приоритет' (9 јуни, 2022) <https://europeanwesternbalkans.com/2022/06/09/pisonero-common-regional-market-established-in-2020-remains-a-priority/>.

[44] ibid.

[45] Марциак, ЕУ и Западен Балкан по Берлинскиот процес

меѓу приватниот сектор[46][47] и граѓаните на државите учеснички[48], што претставува одличен пример за регионално сопственишство. Во таа смисла, ИОБ допрва треба со резултати да ги оправда високите очекувања. Некои од потпишаните договори не ги ратификувале сите потписнички, а Северна Македонија заостанува значително (Анекс 3). Понатаму, договорите неодамна стапија на сила, особено во Албанија (Анекс 3).

Кога станува збор за управувањето, иницијативата се уште не понудила задоволителни резултати. На ИОБ , за разлика од Заедничкиот регионален пазар (CRM), и недостасува сеопфатен план кој го дефинира опсегот на иницијативата и очекуваните резултати. Мандатот на иницијативата претставува цел која постојано се поместува со оглед на тоа што постојано се најавуваат нови активности пред секој самит. Со оглед на тоа, мандатот е непостојан бидејќи лидерите на државите учеснички постојано ги менуваат приоритетите. Понатаму, не се нудат јасни вредносни предлози и предвидливост за оние кои не учествуваат, со што се намалува привлечноста на иницијативата. ИОБ , исто така, објави дека ќе воспостави своја структура – меѓутоа, се уште е нејасно кои се улогите и одговорностите на Советот за имплементација и телата кои произлегоа од секој договор и меморандум, дали се е воспоставено, какви се нивните работни постапки и како ќе се врши сеопфатен мониторинг на процесот.[49]

Но, и Берлинскиот процес се соочува со слични проблеми. Без конкретни институции кои имаат задача да вршат надзор над стратешкиот развој или да ги следат успесите, тој стана гломазна иницијатива со премногу работи и се потпира на доброволното вклучување на лидерите од шесте држави на Западен Балкан (WB6).[50] Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област (MAP REA) можеби е исклучок затоа што има јасна структура, со тоа што Регионалниот совет за соработка (RCC) и Секретаријатот на ЦЕФТА се директно вклучени во процесот. Со тоа се овозможи постојана регионална координација, следење на напредокот и известување за истиот, како и предлагање на мерки за прилагодување по потреба.[51] Додека оваа управувачка структура од една страна нуди поддршка за раководење и следење, сепак нема вградени механизми за да ги поттикне државните институции да ги имплементираат предвидените активности.

## Проблеми и ризици

Во студијата за сопственост на регионалната соработка се доаѓа до заклучок дека успехот на регионалните структури да ги искористат потенцијалните придобивки ќе зависи од можноста да се утврдат националните и регионалните интереси кои се нагласуваат заемно, ги формулираат регионалните интереси и добиваат поддршка за имплементација. Очигледно е дека либерализацијата на пазарот и економскиот интегритет се области кои се преклопуваат во иницијативите. Овој став се смета како можност да се поттикне

[46] Коморски инвестициски форум (WB CIF), '"Отворен Балкан" за полесно деловно работење во регионот' (2 август, 2021) <https://www.wb6cif.eu/2021/08/02/open-balkan-for-easier-business-in-the-region/>.
[47] Аналитика, ' Перцепцијата на извозно ориентираните компании во Северна Македонија за Иницијативата „Отворен Балкан"' (2022) <https://www.analyticamk.org/images/Media/2022/_Finalen_zaklucok_WEB.pdf>.
[48] IRI, '2022 Регионално истражувае за Западен Балкан во период од јануари до февруари, 2022' (2022) <https://www.iri.org/resources/2022-western-balkans-regional-survey-january-february-2022/>.
[49] Стефан Ристовски, 'Споредбата помеѓу Отворениот Балкан и Заедничкиот регионален пазар: што е ново за регионалната економска интеграција на Западниот Балкан?' (Институт за европски политики – Скопје 2022) <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/Comparison-of-the-Open-Balkans-and-Common-Regional-Market_What-benefits-are-there-in-two-parallel-initiatives.pdf>.
[50] Марциак (n 24).
[51] РСС (RCC) и ЦЕФТА (CEFTA), 'Годишен извештај за повеќегодишниот акциски план за регионалната економска област (MAP REA) на Западен Балкан (WB)' (2019) <https://www.rcc.int/download/docs/MAP%20REA%20report%202019_FINAL.pdf/713506a99e3916b3a1b7ff8cc471eb22.pdf>.

економскиот раст, но исто така да се подготват државите за идното учество на единствениот европски пазар и во политиките на ЕУ.

Кога ќе се погледне пошироко, визијата на ИОБ за пазарна либерализација оди чекор понапред од Заедничкиот регионален пазар (CRM) во рамките на Берлинскиот процес. ИОБ ветува отворени граници и потполна слобода во движење во регионот. Но, како што беше спомнато и претходно, таа цел се уште не е остварена на терен. Ниту заедничките декларации, заклучоци од самитите, меморандумите и договорите не ги дефинираат чекорите како оваа визија треба да се спроведе во блиска иднина. Понатаму, укинување на граничните контроли за да се исполнат политичките ветувања, во отсуство на цврсти закони и безбедносни системи, може да поттикне незаконска трговија, што само ќе ги усложни постоечките проблеми со организиран криминал и ќе ја наруши сликата за државите.[52] Заедничкиот регионален пазар (CRM), од друга страна, пак, е означен како катализатор за регионална економска интеграција и скалило кон Единствениот европски пазар, со што се избегнуваат површните и нереални ветувања.

Подлабинско навлегување во плановите во рамките на иницијативите открива очигледно поклопување во областа на четирите слободи. Со право може да се каже дека ИОБ ги има соберено јаготките од тортата наречена Заеднички регионален пазар (CRM) и ги има поставено меѓу главните приоритети на својата агенда, додека некои други ги има изоставено.[53] Ваквиот пристап може да се објасни од три различни гледишта. Првин, шесте држави на Западен Балкан (WB6) бележат различно ниво на подготвеност, но и различно темпо на напредок во усвојувањето и имплементацијата на важните закони на ЕУ. Тоа им овозможува на предводниците во одредени области да ги либерализираат пазарите според правилата на ЕУ побрзо од останатите. На пример, само Србија и Северна Македонија, а од неодамна и Албанија[54] го имаат поминато процесот на валидација на нивните програми за Овластени економски оператори, што до одредена мерка ги оправдува билатералните договори (позитивните извештаи за валидација и одлуки допрва треба да бидат усвоени во структурите на ЦЕФТА). Второ, во одредени области се јавува политички застој во напредокот за мултилатералното опкружување поради одредени политичко чувствителни проблеми. Такви примери се Договорот за слободно движење со лична карта и Одлуката за заемно признавање на професионалните квалификации.[55] Во тој случај, државите учеснички во ИОБ потпишаа такви договори помеѓу себе, со што се избегнуваат политички чувствителните проблеми. Третото гледиште се однесува на одредени области на кои ИОБ избегнува да се осврне. Додека ИОБ главно се занимава со слободно движење на стоки, услуги и работници, од друга страна не ги зема предвид хоризонталните проблеми каде нема значителен напредок за да се постигне договор со ЦЕФТА, како што е државната помош и решавање на спорови, а слободното движење на капитал одвај се спомнува.[56] Можните причинители за ваквиот тек на работите се политичките мотиви, недостатокот од капацитети или на економска оправданост кои не се земени предвид во овој труд.

Понатаму, ИОБ не се обврзува цврсто на конективност и дигитална агенда.[57] Тука стапува на сила улогата на меѓународните институции со нудење на конкретни придобивки. И покрај тоа што е во нивен интерес, државите во рамките на ИОБ немаат економски и развојни капацитети, ниту знаење за да остварат резултати во вака сложени и финансиски

[52] Глобална иницијатива против транснационалниот организиран криминал, 'Билтен за ризиците #11' (2021) <https://riskbulletins.globalinitiative.net/download/see-obs-011-screen-pdf.pdf>.
[53] Ristovski (n 42).
[54] ЦЕФТА (CEFTA), '#Мисијата за валидација на ОЕО во #Албанија е успешно завршена [..]' (*Facebook*, 96 2022) <https://www.facebook.com/ceftatreaty/posts/571448827835071>.
[55] РСС (RCC), 'Извештај за имплементацијата на Заедничкиот регионален пазар за 2021' (2022) <https://www.rcc.int/pubs/145/common-regional-market-report-on-implementation-for-2021>.
[56] Ристовски (н 42).
[57] ibid.

захтевни проекти. Но, ниту Берлинскиот процес не нуди некоја особена поддршка во оваа насока. Тој служи како место за соработка и насочување на агендата за конективност (транспорт), еколошката агенда (животна средина) и дигиталната агенда (инфраструктура), но не надополнува со значителни финансиски ресурси за проектите кои произлегуваат од тие агенди. Всушност, имплементацијата на овие проекти се поддржува од претпристапните фондови на ЕУ (ИПА) и, до одреден степен, од донациите на одредени држави членки. Но, таа финансиска помош не се зголеми значително со новата Повеќегодишна финансиска рамка (MFF).

Во последните години се доведени во прашање конкретните придобивки за поголема економска соработка со цел да се зајакне економскиот раст и развој на регионот. И покрај тоа што се веќе потврдени придобивките како што е зголемениот обем на трговија, критичарите пронаоѓаат два фронта преку кои ги оспоруваат овие напори – оправданоста на проектот за регионална економска соработка и ниската финансиска поддршка која проектот ја добива. Што се однесува на првиот фронт, се вели дека соседните држави со проблематично минато и мали фрагментирани пазари, со заеднички БДП помал од оној на Словачка, не може да остварат значителен раст во трговијата.[58] Со двете иницијативи коишто се одвиваат паралелно, ќе се влоши состојбата и во државите учеснички и во оние кои не учествуваат доколку либерализацијата на пазар остане фрагментирана. Пологично е уште повеќе да се либерализира пазарот со најголемиот трговски партнер на државите, а во сите случаи, освен во случајот со Косово, тоа е Европската унија.[59] Што се однесува на вториот фронт, аргументот оди кон тоа дека пазарната либерализација помеѓу државите неизбежно ќе доведе до победници и губитници во регионот.[60] Ниту една од иницијативите не нуди механизми за компензација на државите губитници. Регионот не може финансиски да поддржи вграден механизам со којшто ќе се префрли богатство на помалку развиените држави и региони коишто заостануваат во „развиените“ држави, како што е случајот со структурните фондови во ЕУ. Од друга страна, пак, фондовите коишто ги нуди ЕУ и коишто се насочени директно кон државите, или пак оние кои се достапни преку Берлинскиот процес, не се доволни за да ги премостат празнините и предизвиците во инфраструктурен развој и конективност.[61]

Но, регионалната економска интеграција не беше отпочната само како економски проект. Таа служи како инструмент кој ќе пружи поддршка во надминување на билатералните проблеми и решавање на минатото. И, на некој начин, постои совпаѓање на оваа тема во двете иницијативи. И покрај тоа што примарната цел на овие меморандуми за филмови и уметност, како и на тие за туризмот е да се зајакне и да се поттикне растот во овој сектор, планираните активности имаат и општествена димензија. Овие активности би се надополниле со иницијативите во рамките на Берлинскиот процес, како што се Регионалната младинска канцеларија за соработка, Фондот за Западен Балкан (WBF) и Берлинските самити и форуми. Соработката во овие сектори (ин)директно би поттикнала меѓурегионален дијалог и културна размена, кои ќе го унапредат помирувањето и заемното разбирање. Но, без вклученоста на сите држави од регионот, резултатот од овие напори ќе биде ограничен. Оние билатерални односи како на политичко, така и на лично ниво кои треба неодложно да се подобрат се односите меѓу државите учеснички и државите кои не

---

[58] Веис (н 52).
[59] ibid.
[60] Г. Ѓуровиќ (G Djurovic) и останати, ‘Регионална економска соработка во В4 и ЗБ6: споделување на искуство и знаење во контекстот на Заедничкиот регионален пазар и закрепнувањето по короната’ (Црногорска паневропска унија 2000).
[61] Веис (n 52).

се учеснички во ИОБ .[62] Со моменталната поставеност на работите, иницијативата едноставно не може да ги реши овие проблеми. Ако ништо друго, ги закопува односите и отвара простор за националистичка реторика и понатамошни поделби. А, во таа смисла не може да се слави ниту Берлинскиот процес. Тој на некој начин ги олесни контактите меѓу луѓето[63], но политичкиот дијалог и потпишаните меморандуми не направија некоја голема разлика, без оглед дали станува збор за отворените прашања меѓу државите во регионот (дијалогот помеѓу Косово и Србија) или споровите помеѓу државите членки и кандидатите (бугарското вето за Северна Македонија).[64]

## Низ призмата на Самитот на БП во 2022 – краток преглед[65]

Како што веќе беше спомнато и претходно, Германија, под водство на канцеларот Шолц, се обидува да го оживее Берлинскиот процес. Од самитот во ноември, 2022 година произлегоа две главни активности – едната за процесот на регионална економска интеграција и втората во врска со енергетската криза. Што се однесува на првата, Заедничкиот регионален пазар (CRM) предвидува договор за слободно движење со лична карта, признавање на квалификациите за високо образование и професионалните квалификации.[66] Во врска со другата активност, ЕУ најави пакет од една милијарда евра за ЗБ, додека државите од Западен Балкан се обврзаа да ја зајакнат зелената транзиција и регионалната соработка за енергетска сигурност.[67] Од самитот може да се дадат неколку забелешки во врска со поврзаноста помеѓу ИОБ и БП, но исто така и за недостатоците на двата процеса.

Со право може да се каже дека двете иницијативи заемно се оживуваат. На ИОБ дури може да и се оддаде признание за оживување на Заедничкиот регионален пазар (CRM). Што се однесува на разликите во интегрираност на граѓаните и мобилност на професионалците, ЕУ и регионалните институции беа под притисок да се вложат во надминување на политички чувствителните аспекти на договорите за мобилност.[68] Од друга страна, пак, самитот на БП покажа дека политичката вклученост на државите членки на ЕУ, Регионалниот совет за соработка (RCC) и ЦЕФТА можеше да вроди со плод за прашањата каде што ИОБ не направи ништо или свесно ги заобиколи.

Договорите за мобилност кои беа потпишани во Берлин ги нагласуваат предностите на регионалниот, наспроти билатералниот и трилатералниот пристап. Договорот за слободно движење со лична карта треба да ги урне и последните визни режими во регионот, додека потпишувањето на сите три договори укажува на тоа дека проблемот со ознаката Косово кој го блокираше процесот е надминат.[69] Понатаму, можностите за граѓаните и стручњаците, но и придобивките за националниот пазар на труд би биле многу поголеми доколку се овозможи послободно движење на лица помеѓу пет, наместо помеѓу две држави.

---

[62] Беата = Хушка (Beáta = Huszka), 'Моќта на перспективата: зошто е се ужте важно членството во ЕУ за Западен Балкан' (7 јануари, 2020) <https://ecfr.eu/publication/the_power_of_perspective_why_eu_membership_still_matters_in_western_balkans/>.
[63] Кристијан Гризлер (Christina Griessler), 'Берлинскиот процес. Приближување на регионот на Западен Балкан кон Европската унија' (Südosteuropa 2020).
[64] Марциак (Marciacq) (н 24).
[65] Овој дел беше додаден по завршувањето на истражувањето (14.10.2022).
[66] РСС (RCC), 'Брегу (Bregu): Успеавме - трите централни договори координирани од РСС најпосле го здогледаа светлото на денот за да стасаат до оние кому им се наменети - нашите граѓани' (3 ноември, 2022) <https://www.rcc.int/news/786/bregu-its-done--the-three-rcc-coordinated-centrepiece-mobility-agreements-finally-see-the-light-of-day-to-reach-those-intended-for--our-citizens>.
[67] Европска комисија , 'Изјава на прретседателката вод Дер Лајен (von Der Leyen) на самитот во рамките на Берлинскиот процес за Западниот Балкан' (3 ноември, 2022) <https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/en/STATEMENT_22_6527>.
[68] РСС (RCC) (н 64).
[69] Во моментот кога оваа анализа се пишуваше, авторите немаа пристап до целосниот текст од договорите.

Во секој случај, со или без поддршка од трети страни, за имплементацијата на овие договори се одговорни само потписничките. Како што веќе беше кажано претходно, ниту ИОБ , ниту БП немаат воспоставени механизми со кои ќе ги натераат шесте држави од Западен Балкан (WB6) брзо да ги ратификуваат и имплементираат обврските кои произлегуваат од потпишаните договори. Не постои гаранција дека трите договори коишто се потпишани во Берлин нема да се соочат со истото несреќно сценарио како што беше случајот со оние од самитите во Тирана во 2021 и во Охрид 2022 година.

Енергетскиот пакет на ЕУ за Западен Балкан ја нагласува улогата на вклученоста на надворешните актери во регионални проекти, особено за обезбедување финансиски средства. Сепак, новите назнаки на веќе прераспределените фондови од ИПА нема да бидат доволни за да се решат ризиците со енергетската сигурност краткорочно или долгорочно, ниту ќе биде доволен фокусот на проекти за гасна инфраструктура кои би требало да ја поддржат зелената транзиција на регионот.[70] Само поголеми фондови на ЕУ во комбинација со цврсти услови околу усвојувањето и имплементацијата на националните стратегии за енергетика и намалување на јаглерод диоксид може да ги натераат лидерите од ЗБ да се држат до она што декларативно го ветиле.

[70] Пипа Галоп (Pippa Gallop) , ‘Западен Балкан: Една милијарда евра за справување со енергетската криза – со гас?!’ (7 ноември, 2022) <https://bankwatch.org/blog/western-balkans-eur-1-billion-in-eu-funds-to-tackle-the-energy-crisis-with-gas>.

# Иницијативата Отворен Балкан и процесот на усвојување на Правото на ЕУ (acquis)

## Процесот на усвојување на Правото на ЕУ (acquis)

Рамката на односи помеѓу ЕУ и шесте држави на Западен Балкан (WB6) се раководи од Спогодбите за стабилизација и асоцијација (SAAs) кои се потпишани со секоја држава на билатерално ниво. Оваа рамка ја дефинира поставеноста за политички дијалог и економски односи помеѓу државите, особено воспоставувањето на слободна трговска област (со повластен третман за шесте држави од Западен Балкан (WB6)) и усогласување со Правото на ЕУ во врска со четирите слободи и соработката во други области на политики, како што е правда и внатрешни прашања, политики за конкуренција, интелектуална, индустриска и комерцијална сопственост и јавни набавки. Како резултат на тоа, правото на државите кои доволно долго беа држени во чекална, како што е случајот со Северна Македонија, е повеќе усогласено со Правото на ЕУ (acquis) во споредба со некои други држави кои преговараат.[71] Со оглед на тоа што регионалната соработка е интегрален дел од овој процес, ЦЕФТА и Заедничкиот регионален пазар (CRM) ја насочуваат регионалната интеграција на пазарот според правилата на ЕУ во уште поголем број области.

За разлика од претходните проширувања, овој процес на пристапување се одвива со обесхрабрувачки споро темпо. Дојде до момент кога ЕУ го промени својот пристап и усвои нова методологија за проширување, па се очекува некои работи да се сменат. Повторно е нагласен фокусот на „Темелните начела“– кластер кој во повеќето случаи не содржи строго право и се очекува почитувањето на вредностите на ЕУ да го диктира темпото на преговарање за членство. Со цел да се зацврстат механизмите на условување, ЕУ ќе дава и ќе повлекува дадени бенефити. Обврската за усогласување со правото на ЕУ (acquis) организирана во 33 преговарачки поглавја останува иста. Од кандидатите се уште се бара да ги исполнат критериумите од Копенхаген (политички, економски, административни и институционални капацитети за имплементација на Правото на ЕУ (acquis)). Би можело да се каже дека регионалната соработка и соседските односи се единствените критериуми според кои се оценуваат и се условуваат шесте држави на Западен Балкан (WB6).[72]

## Интеракција на ИОБ со ЕУ

Односите на ИОБ со ЕУ не се најдобро дефинирани. Освен интеракцијата со претставниците на ЕУ од еден самит до друг, ниту Унијата, ниту државите членки немаат директно право на збор во активностите или имплементацијата во рамки на иницијативата. Следствено на тоа, државите имаат слобода сами да си ги трасираат приоритетите. Општата обврска која произлегува од ИОБ е таа да се надополнува со пристапниот процес во ЕУ. Таа е насочена кон забрзување на европските интеграции на државите од Западен Балкан и има за цел да ги зацврсне напорите на секоја држава учесничка да стане членка на ЕУ.[73]

---

[71] ЕПИ (EPI), ‘Чукање на вратитите на ЕУ – 10 години на препораки и одлуки за “не” за Северна Македонија’ (Декември, 2019) <https://epi.org.mk/post/14552?lang=en>.

[72] Стратегијата за проширување експлицитно вели дека “ЕУ нема да увезува билатерални проблеми”, па така, нивното решавање останува приоритет. Рамките за преговарање, особено оние на Северна Македонија и Србија условуваат прогрес во пристапните преговори врз основа на резултатите од решавањето на билатерални спорови.

[73] Влада на Република Северна Македонија (н 22).

# Анализа помеѓу ИОБ и Правото на ЕУ (acquis)

ИОБ нема патоказ. Од еден самит до друг, во рамките на иницијативата се воведуваат нови области за заедничка соработка и делување кои претходно дури не биле ниту разгледувани. Голем број од тие области на делување се уште не се јасно дефинирани (меморандумите се прилично опширни) или допрва треба да се имплементираат (договорите не се ратификувани, најавените активности допрва треба да се имплементираат). Со оглед на тоа, одговорот дали и во кои области е ИОБ усогласена со Правото на ЕУ (acquis) претставува тешка задача. Потпишаните договори, меморандуми и планови се доволно јасни за да се направи проценка за тоа во кој дел се вклопува ИОБ во процесот на пристапување на ЕУ и дали (не) придонесува во процесот на пристапување на државите од регионот кон ЕУ. Таа проценка е заснована врз квалитативни анализи за опфатот на документите од ИОБ , вклучувајќи ги и имплементираните и најавените активности, во споредба со извештајот од 2021 година на Европската Комисија за напредокот на Албанија, Северна Македонија и Албанија (Анекс 4).

## Општ преглед

ИОБ има директна допирна точка со 15 од вкупно 33 преговарачки поглавја од Правото на ЕУ (acquis) и еден од „новите" критериуми од Темелните права. Активностите се важни за пет од шест кластери според ревидираната методологија за проширување. Најголем број, пет од девет поглавја, му припаѓаат на кластерот Внатрешен пазар (слободен проток на стоки, слободно движење на работници, право на воспоставување и слобода на пружање услуги, слободен проток на капитал, заштита на здравјето и потрошувачите). Четири од осум поглавја во кластерот Конкурентност и инклузивен раст се опфатени во активностите во рамките на ИОБ (информатичко општество и медиуми, оданочување, политики на претпријатија и индустрии, образование и култура и царинска унија), додека активностите во рамките на ИОБ се донекаде важни за две од четири поглавја во Зелената агенда и одржливата конективност (енергетика и животна средина и климатски промени). Во кластерот Ресурси, земјоделство и кохезија, како и Темелни права, активностите во рамките на ИОБ се важни само за поглавјето Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарни политики. Во кластерот Темелни права, се јавуваат допирни точки со Реформата на јавна администрација и поглавјето Правда, слобода и безбедност. Овие наоди покажуваат дека ИОБ има поширок опфат и може да биде важна за пристапниот процес на државите од повеќе аспекти, а не само во четирите слободи. Поглавјето Закон за интелектуална сопственост, политики за конкуренција и финансиски услуги од кластерот Внатрешен пазар, како и поглавјето Наука и истражување од кластерот Конкурентност и инклузивен раст може да бидат важни за иницијативата, но ИОБ не вовела активности во овие области. Понатаму, иницијативата не предвидува никакви активности во кластерот Надворешни односи и покрај тоа што е важен за пристапниот процес.

## Внатрешен пазар

Како што беше објаснето погоре, ИОБ е "посветена на обезбедување услови за *примена на четирите Европски слободи* за што поголем број на граѓани и компании на Балканот".[74] Во овој кластер, иницијативата содржи активности кои соодветствуваат на слободен проток на стоки и работници, правото на воспоставување и пружање услуги, капитал и заштита на здравјето.

Во првото поглавје, Слободен проток на стоки, Правото на ЕУ (acquis) дефинира заеднички правила и постапки за некои производи, додека за некои други, во принцип спречува некои

[74] ibid.

производи да бидат предмет на неоправдани бариери во трговијата. ИОБ всушност, понуди најмногу резултати во олеснување на трговијата со стоки и пристапот до пазарот, особено преку заемно признавање на сертификати за прехранбени и непрехранбени производи и обврската да се решат не-тарифните бариери. Што се однесува на првото, државите учеснички во ИОБ , особено Албанија и Србија, се уште треба да ги подобрат капацитетите за инфраструктурата на квалитетот, а во некои области и да го усогласат државното законодавство со европското *acquis*. Што се однесува на првото, договорот за безбедност на храна со кој се спречува забрана на извоз, исто така претставува значаен успех во областа на слободно движење на стоки. Сепак, правилата на ЕУ забрануваат било какви забрани за извоз и увоз и ограничувања на количини на внатрешниот пазар, а не само прехранбени производи како што е случајот со договорот ИОБ . Во таа смисла, државите учеснички во ИОБ треба да усвојат (Албанија) и да имплементираат национални планови (Северна Македонија и Србија) за да се усогласат со одредбите за не-тарифна зона на Договорот за функционирање на ЕУ (TFEU). Понатаму, секоја држава треба да се усогласи со техничкото законодавство на ЕУ за различни производи кои не се предвидени со заедничките активности на ИОБ . Тоа би било неопходно за понатамошна либерализација на пазарите на ИОБ и ЗБ и за подобрување на нивото на подготвеност со оглед на тоа што напредокот во регионот се одвива со различно темпо секоја година.

Слободното движење на работници од Правото на ЕУ (acquis) е поглавјето со кое ИОБ има најмногу сличности. Потпишаниот меморандум и договор ги регулираат правата на слободен пристап до пазарот на труд, додека државите исто така се обврзуваат да потпишат договори за социјално осигурување. Но, како што стојат работите во моментов, на државјаните на трети држави им е потребна работна дозвола за пристап до пазарот на труд во Србија, но и во Северна Македонија, кадешто постојат квоти. Албанија е забележителен исклучок, кадешто не се потребни работни дозволи за државјани на ЕУ. Укинувањето на овие бариери е неопходен чекор за потполно да профункционираат обврските од ИОБ , но исто така да се отвори пазарот на труд за државјаните на ЕУ. Кога станува збор за социјално осигурување, сите држави учеснички во ИОБ , мора да потпишат билатерални договори со повеќето држави членки. Договорите за социјално осигурување, освен оние внатре-регионалните, не се важни за иницијативата затоа што таа не бара заеднички активности.

Во третото поглавје, Право на воспоставување и слобода на пружање услуги, Договорот за заемно признавање на дипломи и научни степени е одличен пример којшто ја следи рамката на ЕУ во оваа област. Договорот за пристап до пазарот на труд е исто така важен за ова поглавје. Покрај правата на физички лица, ова поглавје ги регулира и правата на правните лица за воспоставување и давање услуги. Дополнителен исчекор би претставувало заемното признавање на професионални квалификации, за кои државите се наоѓаат на различно ниво на усвојување на ЕУ рамката. Албанија треба да си ја усогласи својата рамка, додека Северна Македонија и Србија треба да ги усвојат и ревидираат секторските закони за да бидат усогласени во оваа област. Трите држави се обврзаа, и со ИОБ и со Заедничкиот регионален пазар (CRM) и треба да го имплементираат протоколот 6 којшто дава рамка за укинувања на ограничувањата за трговија со услуги помеѓу потписничките на ЦЕФТА, но Албанија и особено Северна Македонија заостануваат со своите ветувања. Понатаму, сите три држави треба дополнително да се усогласат со директивата на ЕУ за услуги.

Во поглавје 4, Слободен проток на капитал, планираните активности се поврзани со зголемување на инвестиции во регионот, вклучувајќи и заедничка агенција за привлекување инвестиции во рамките на Отворен Балкан и евентуалното ревидирање на билатералните инвестициски договори во склад со стандардите на ЕУ. Под овие активности во оваа област не се подразбира приближување на државното законодавство кон она на ЕУ (acquis). Во пристапниот процес кон ЕУ, но исто и како обврска од ССА, државите треба да ги усвојат или изменат постоечките национални закони за инвестирање за да се укинат рестрикциите

за купување на земјиште (Албанија) и земјоделско земјиште поконкретно (Северна Македонија и Србија) што ги одвраќа СДИ. Сите држави членки на ИОБ , треба да ги насочат своите напори кон подобрување на платежните системи и борбата против перење пари, за што би било корисно и за самата иницијатива и за аспирацијата за приклучување кон ЕУ да се вложат заеднички напори.

И покрај тоа што се смета за важно за иницијативата, ИОБ има многу малку допирни точки со поглавјето 28 од Правото на ЕУ за Заштита на потрошувачите и здравјето. Укинувањето на PCR тестовите и поддршката во вакцинацијата против Ковид-19 се единствените примери на конкретни придобивки кои произлегуваат од ИОБ во ова преговарачко поглавје. Прашањата поврзани со (не)усогласувањето со законодавството на ЕУ за правата на пациентите на здравствена заштита надвор од границите, заштита на потрошувачите и контрола на тутунот, како и прашањето на слаб систем на здравствена заштита и недостаток од медицински персонал се нешто што е заедничко за сите држави во оваа област. Но, овие проблеми не се решаваат со заеднички активности или, барем, заедничка посветеност да се решат на државно ниво. Заедничкиот пазар на стоки и услуги, особено здравствените услуги би имал директни придобивки доколку државите од ИОБ постигнат напредок во овие области во согласност со важечките закони на ЕУ (acquis).

На крај, во анализата се доаѓа до заклучок дека Поглавјето 7 - Закон за интелектуална сопственост, Поглавје 8 – Политики за конкуренција и Поглавје 9 – Финансиски услуги не се предмет на разгледување, а се важни за иницијативата. Заштитата на авторските права и сродни права, право на индустриска сопственост, заштита од нефер конкуренција и контрола на државната помош се важни за унапредување на трговијата и овозможување на еднакво рамниште за сите компании кои се активни на пазарите во државите. Некои од овие аспекти се разгледуваат во Заедничкиот регионален пазар (CRM) и треба да се имплементираат. Поглавјето Закон за трговски друштва не се разгледува, но, исто така, нема одлучувачка улога за државите учеснички во ИОБ затоа што усогласувањето со правото поврзано со сметководство и ревизија е повеќе важно за големите мултинационални компании, но ќе стане важно во подоцнежната фаза на пристапувањето.

## Конкурентност и инклузивен раст

Во оваа област, пет од осум поглавја се предмет на разгледување на ИОБ , особено поглавје 10 – Информатичко општество и медиуми, поглавје 16 - Даноци, поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, поглавје 26 – Образование и култура, со најголем фокус на поглавје 29 – Царинска заедница.

Државите на ИОБ бележат највисоко ниво на подготвеност и во голема мерка се усогласени со Правото на ЕУ (acquis) во Поглавје 28 – Царинска заедница, најмногу како резултат на соработка во рамките на ССА и на потребата која произлегува од обемната трговија на државите со ЕУ. Договорите за Договори за заемно признавање на ОЕО (AEOs), отворањето на Зелени ленти и ОБ ленти на граничните премини се примери на имплементација на царинските правила и постапки на ЕУ. Овие резултати, но и други обврски за олеснување на трговијата може да се најдат и во Патоказот на ИОБ и во Заедничкиот регионален пазар (CRM). Како резултат на тоа, може да се забележи натпревар во наративите и двете платформи ги слават овие резултати како свои.

Во областа даноци, меморандумот за соработка помеѓу даночните тела предвидува размена на искуства и пренос на знаења, поттикнува доброволно почитување на даночните обврски, како и борба против даночни затајувања. Овие активности се во согласност со надлежностите на ЕУ во оваа област. Доколку предвидената соработка е насочена во правец на пружање поддршка на државите во решавање на конкретните препораки од ЕУ во дадените области, тоа би значело максимално искористување на потенцијалите на овој меморандум.

Улогата на ЕУ во областите образование и култура е да понуди координација и да обезбеди финансии за (подобри) образовни програми. Во оваа област, ИОБ не е цврсто определена да ги искористи можностите кои ги нуди ЕУ. Меморандумите за културна соработка, филмографија и аудиовизуелни активности наведуваат, помеѓу другото, образовни активности и обуки за професионалците во овие сектори со цел да се создаде заеднички фонд и да се аплицира за фондовите на ЕУ. Без оглед на се, потенцијалот на фондовите на ЕУ, како што е Еразмус+ и Креативна Европа (Creative Europe) нудат многу повеќе начини за соработка отколку овие тесно дефинирани сектори. Соработката помеѓу школи и високообразовни институции се некои од примерите.

Истата логика може да се примени и на Поглавјето Наука и истражување, коешто не е вклучено во ИОБ . За разлика од оваа иницијатива, иновациите се еден од основните столбови на Заедничкиот регионален пазар (CRM). Стратегиите за паметна специјализација и Хоризонт 2020 нудат стратешки насоки и финансии за да се поттикнат помасовни активности од областа на иновации и истражување преку граница.

Поглавјето Претпријатија и индустриска политика нема силна поврзаност со Правото на ЕУ (acquis), туку повеќе дава насоки за стратешките напори на државите да изградат конкурентност, структурни промени во економијата и поволно деловно опкружување. Соработката во конкретни сектори (туризам, култура, уметност) и заеднички активности за привлекување на СДИ се важни за поглавјето: Претпријатија и индустриска политика. Отворањето на пазарите за поголема конкурентност (и соработка) е добра насока за градење на конкурентност и поттикнување на раст. Но, од државите кои пристапуваат се очекува да постигнат многу подобри резултати во оваа област. Потребно е да се имплементира стратешки пристап за да се поддржи реструктурирањето на економиите, вклучувајќи повеќе финансии и подобро насочена поддршка за мали и средни претпријатија (Албанија и Северна Македонија) и менување на владејачката структура на претпријатијата во државна сопственост (SOEs) (Србија). Понатаму, толерирањето на сивата економија и корупцијата, и (не)функционалното судство, коишто се заеднички проблеми на трите држави, не придонесуваат кон подобрување на деловното опкружување.

Преостанатите две поглавја во оваа област, Социјални политики и вработување и Економски и монетарни политики ниту се предмет на разгледување, ниту пак се важни за ИОБ . Напредок во областа вработување и социјална политика и капацитетите за нивна имплементација би требало да им користат еднакво како на самите државјани, така и на странците во дадена држава.

## Зелена Агенда и одржлива конективност

Со право може да се рече дека во рамките на ИОБ постојат активности и од овој кластер, во поглавјето 15 – Енергетика и поглавјето 27 – Животна средина и климатски промени. Но, совпаѓањето е маргинално и не ги приближува државите поблиску до стандардите на ЕУ.

Плановите за активности во рамките на ИОБ во областа Животна средина и климатски промени не се правилно насочени кон причинителите за одредени проблеми. ИОБ гради реактивни механизми за соработка во случај на природни непогоди, но не и проактивни механизми како што е отпорност на климатски промени, градење на отпорност, превенција и подготвеност, како што се предвидени во Зелената агенда за ЗБ. Понатаму, дури и во областите во кои постои соработка, како што е поддршката во случај на природни непогоди и цивилна заштита, во извештаите на ЕК се истакнува дека сите држави треба внатрешно да си ги подобрат своите капацитети и координацијата. Во ова поглавје, ЕУ ја има една од најсложените регулаторни рамки во светот. Со оглед на тоа што ЕУ се обидува да се постави како глобален предводник во Зелената агенда, законодавството за животна средина постојано се менува и станува посложено. ИОБ не содржи никакви активности за

справување со климатските промени, квалитетот на водата и воздухот, управување со отпад, заштита на природата, загадување од индустријата, хемикалии, бучава и цивилна заштита. Треба да се нагласи дека усогласувањето со Правото на ЕУ (acquis) во некои области може да биде долг и скап потфат.

Активностите во енергетскиот сектор се многу слични. Среде недостигот од енергенси, државите учеснички во ИОБ изјавија дека ќе се поддржуваат едни со други за време на зимата во 2022 година. Со оглед на тоа што ЕУ има за цел да ја прошири внатрешната енергетска политика кон шесте држави од Западен Балкан (WB6) и државите од Источното партнерство преку Енергетската заедница, можеби и нема смисла за ИОБ да се шири во таа насока. Со оглед на тоа,[75] активностите во рамките на ИОБ во оваа област ќе бидат од корист само доколку тие одат во прилог на исполнување на обврските од Енергетската заедница. Новите инфраструктурни проекти кои се договараат во рамките на ИОБ треба да бидат надополнување на оние на Планот на ЕУ за економија и инвестирање на Западен Балкан. Понатаму, државите учеснички треба да избегнуваат да го прикажуваат ова второво како изолиран успех на ИОБ .

Не постојат заеднички активности во врска со поглавјата Транспортна политика и TENs. Со оглед на тоа што овие области се разгледуваат во Транспортната заедница, не играат некоја одлучувачка улога за ИОБ . Но, либерализацијата на транспортните пазари и усвојување на стандардите на ЕУ во овие области ќе бидат од полза за државите од ИОБ доколку на крај отворањето на транспортните пазари за конкуренција донесе подобри услуги за транспорт на стоки и луѓе и доколку привлече инвестиции во тие сектори.

## Ресурси, земјоделство и кохезија

Поглавје 12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика е едно од двете поглавја во овој кластер во кој има одредено совпаѓање со ИОБ . Договорот за ветеринарство, безбедност на храна и сточна храна и фитосанитарна политика е добар пример на соработка во оваа област. Важно е да се нагласи дека договорот се однесува на трговија и го регулира надзорот врз прехранбени и непрехранбени производи, како и на документите кои се однесуваат на увозот и извозот според националните закони. Правото на ЕУ во оваа област е техничко и има за цел да обезбеди безбедна храна, квалитет и заштита на човековото здравје и зачувување на природата. Во такви околности, доколку се брза со либерализација на пазарот преку заемно признавање, а државата не ги исполнува меѓународните стандарди, тоа може да биде контрапродуктивно и опасно.

Второто поглавје е Земјоделство и рурален развој. Со оглед на тоа што договорот за безбедност на храна предвидува одредена координација за производство, треба да се води сметка за тоа производството и земјоделството да го следат Правото на ЕУ (acquis), особено кога се работи за квалитет и органско земјоделство за да се зголеми извозниот потенцијал.

Поглавјата Регионална политика и координација на структурни инструменти и Одредби за финансии и буџет не се пресудни за ИОБ . Но, напредокот во овие области не треба на ниту еден начин да се нарушува. Овој кластер опфаќа политики кои се важни за изградба на капацитети за имплементирање на Европските структурни фондови, за обезбедување на одржливи прехранбени системи и помош на руралните заедници да развијат разноликост во економскиот развој.

## “Невидливите кластери”: Темелни вредности и надворешни односи

Отворен Балкан не служи како скалило за државите учеснички да напредуваат во кластерот Темелни вредности. Исклучок од ова може да биде поглавјето 24 – Правда, слобода и

[75] Следните реченици беа додадени во овој пасус по завршувањето на истражувањето (14.10.2022).

безбедност, каде државите учеснички во ИОБ се договорија да ја зајакнат прекуграничната соработка, но тоа е незначително во однос на она што се очекува од државите во процесот на пристапување и исполнување на обврските од ова поглавје. Напредокот на владините е-портали претставува нус-производ од договорите за пристап до пазарот на труд и договорот за лични карти. Размената на статистички податоци помеѓу државите потписнички според договорот не ја зголемува подготвеноста на државите за поглавјето Статистика. Ако ништо друго, прибирањето, анализата и доставувањето на статистичките податоци зависи од капацитетите на заводите за статистика на секоја држава поединечно. Без оглед на се, кластерот Темелни поглавја е најважниот кластер во процесот на пристапување кон ЕУ затоа што тој го диктира севкупниот напредок на пристапните разговори. Ревидираната методологија само го нагласува тоа. Напредок во овој Кластер може само да им биде од полза на државите во рамките на иницијативата. Демократските институции и јавна администрација свртена кон давање услуги, владеење на правото и функционално судство и транспарентни и недискриминирачки јавни набавки би поддржале било каква регионална иницијатива која се обидува да привлече странски инвестиции.

Иницијативата, исто така, не придонесува кон исполнување на условите на ЕУ од кластерот Надворешни односи. Како одговор на војната во Украина, ЕУ и наметна низа санкции на Русија. Обврската која произлегува од поглавјето Надворешна политика и безбедност бара од државите членки да ги применат договорените санкции и рестриктивни мерки. До денес Албанија и Северна Македонија се придржуваат и ја усогласуваат својата надворешна политика со политиката на ЕУ. Од друга страна, пак, Србија одлучи да не се усогласува. Таа одлука може да се одрази на стабилноста на иницијативата. Претседателот на парламентот и Министерот за надворешни работи на Северна Македонија веќе ја изразија својата загриженост и ја повикаа владата повторно да ја разгледа одлуката за учество во иницијативата. ИОБ ја преживеа својата прва проверка за внатрешна стабилност. Таа заслуга може да и се припише на ЕУ којашто не реагираше на одлуката на Србија да не застане на страната на ЕУ.

# Заклучоци и главни пораки

ИОБ потекнува од државите во регионот, со што иницијативата се смета за иновативна. Во рамките на иницијативата се предложени решенија кои се од интерес на чинителите во државите учеснички. Реализацијата на предложените активности во поглед на пазарна либерализација за стоки, услуги и работници треба да ги намали трошоците и времето на чекање на фирмите и луѓето кои преминуваат граници и тргуваат со соседните држави. Понатаму, таа ги постави темелите на проширување на регионалната соработка преку заеднички активности кои поттикнуваат мобилност на граѓани и професионалци во секторски области како што е туризмот и аудиовизуелните услуги. Освен тоа што нудат економски придобивки за државите учеснички, овие активности може да помогнат и во градење на доверба и разбирање помеѓу граѓаните на потписничките.

Од она што може да се види во документите и активностите до денес, ИОБ не понуди идеи за проекти за регионална економска интеграција. Се заснова на активности кои се договорени во рамките на Заедничкиот регионален пазар (CRM) и резултатите, барем на техничко ниво, кои произлегуваат од ЦЕФТА. Со оглед на тоа, се чини сосема оправдано прашањето за потребата од нова платформа насочена кон исти активности. Отворениот Балкан има свои структури кои може да ги зголемат трошоците за координација и да отворат простор за политички опортунизам кој инаку би бил избегнат. Од друга страна, пак, проектот за регионална економска соработка во поширока смисла се соочува со политички опструкции и нуди релевантни аргументи за (не)засегнатите страни да бараат други начини за соработка.

Моменталната состојба во рамките на ИОБ , со само три држави, го намалува (веќе ограничениот) потенцијал на проектот за регионална економска интеграција Кога станува збор за регионалната соработка и добрососедските односи, ИОБ со моменталната поставеност, не ги разгледува тие прашања. Не се сите шест држави од Западен Балкан активни членови, што одмага во процесот на помирување и решавање на билатералните проблеми. Со оглед на тоа, ќе може да се рече дека е искористен целиот потенцијал на иницијативата само доколку иницијативата ги вклучи сите шест држави од Западен Балкан на инклузивен начин, со изводливи цели и добро-дефиниран патоказ, којшто го водат и го контролираат регионалните актери и поддржуваат меѓународните партнери, особено ЕУ.[76] Платформата за регионална соработка треба да ги препознае и вметне механизмите кои се однесуваат на различни нивоа на подготвеност и напредок помеѓу државите во дадена област, но и чувствителните прашања кои го запираат општиот напредок. Политичката вклученост на трети страни може да биде поттик, но сепак шесте држави од западен Балкан (WB6) треба да се тие кои успешно ќе ја предводат имплементацијата на проектот за регионална интеграција.[77]

Без оглед на се, ИОБ ужива силна поддршка во државите учеснички. Со поддршката на САД и внимателната поддршка на ЕУ, се чини дека иницијативата ќе опстане. Но, не треба да се поткопува стабилноста на Партнерството на тројцата претседатели. Тешко може да се процени дали ИОБ може да се насочува одржливо одвнатре (смени на лидерските позиции и „проширувањето на ИОБ ) и однадвор (смена на позициите на меѓународните партнери за иницијативата поради влошеното гео-политичко опкружување). Агендата која постојано се менува и слабата транспарентност не нудат стабилност на иницијативата. Како што ИОБ и Берлинскиот процес продолжуваат да опстојат во тандем, сепак постои потреба ИОБ јасно да ги дефинира визијата и мандатот, да изработи барем среднорочен патоказ и да објасни

[76] Ференц Немет (Ferenc Németh), ‘WЗападен Балкан. Од Берлинскиот процес до Иницијативата Отворен Балкан. Очекувањата за пристапниот процес’ (2022) <https://www.iemed.org/publication/western-balkans-from-the-berlin-process-to-the-open-balkan-initiative-prospects-for-the-accession-process/>.
[77] Оваа реченица беше додадена по завршувањето на истражувањето (14.10.2022).

каде припаѓа и како е поставена во однос на останатите постоечки процеси, особено ЗРП (CRM). На тој начин ќе се исцртаат нејзините контури и ќе се појаснат вредносните пропозиции за страните кои се директно и индиректно вклучени. Понатаму, избегнувањето на нереални ветувања ќе го намали товарот од намалување на очекувањата на вклучените страни и можното разочарување поради отсуството на општ напредок.[78]

Што се однесува на поставеноста на ИОБ наспроти процесот на пристапување кон ЕУ, може да се извлечат два главни заклучоци. Активностите во рамките на ИОБ се директно или индиректно поврзани со 15 од 33 преговарачки поглавја и важни се за пет од шест кластери. Овој заклучок покажува дека ИОБ има ширина поголема од четирите слободи. Повеќето се наоѓа во кластерот Внатрешен пазар и конкурентност и инклузивен раст. Некои од договорите во рамките на ИОБ соодветствуваат со кластерот Ресурси, земјоделство и кохезија, додека активностите во рамките на ИОБ имаат допирна точка, но не се занимаваат поконкретно со правото од кластерот Зелена агенда и одржлива конективност. Проблемите на државите со кластерот Темелни вредности се многу малку застапени, додека кластерот Надворешни односи нека никаква важност за иницијативата и покрај тоа што овие кластери се многу важни за процесот на пристапување кон ЕУ. Понатаму, има многу области од правото на ЕУ (acquis), т.е. преговарачки поглавја кои не се опфатени, но би биле од (ин)директна полза за иницијативата во смисла на олеснување на протокот на стоки, услуги и капитал. Тоа подразбира усогласување со Правото на ЕУ (acquis) во поглавјата Право на интелектуална сопственост, имплементација на Политиката за конкуренција на ЕУ и Земјоделство, со цел да се продлабочи пазарот на ИОБ. За некои поглавја, ИОБ нема најавено никакви активности, додека политиките и програмите на ЕУ нудат можности кои може дополнително да се искористат. Искористување на програмите на ЕУ за поглавјата наука и истражување и Образование и култура би можело да ја зацврсне постоечката и да создаде нова соработка. Неопходен е сеопфатен напредок во кластерот Темелни вредности за процесот на пристапување на државите кон ЕУ. Напредокот во судството особено ќе придонесе кон подобра економска клима и поволно опкружување за инвестиции.

Вториот заклучок е дека во важните поглавја, придонесот на ИОБ кон пристапниот процес во ЕУ е привремен и маргинален. Државите мора да се усогласат со значителен број на регулативи и директиви за да се овозможи слободен проток на *сите* стоки и услуги, слободно движење на работници од државите учеснички на ИОБ и државјани на ЕУ, прекугранично давање услуги и движење на капиталот. Нивото на подготвеност на државите учеснички во ИОБ се разликува за секое поглавје. Во областите каде една држава учесник во ИОБ е добро подготвена, останатите не се. Со оглед на тоа, би било продуктивно само доколку ИОБ продолжи понатаму со либерализација на пазарот и секторска соработка во областите во кои државите се усогласени со правилата на ЕУ и можат да понудат резултати во имплементацијата.

[78] Радовиќ (Radovic) (н 12).

# Листа на анекси

## Анекс 1 Официјални документи усвоени во рамките на Иницијативата Отворен Балкан

| **Година** | **2019 – Најава на мини Шенген** | | | **2020** | **2021 – најава на Отворен Балкан** | | | **2022** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месец** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** | **Октомври** | **Јули** | **Ноември** | **Декември** | **Јуни** | **Септември** |
| **Декларации** | Декларација од Нови Сад | Декларација од Охрид | Заклучоци од Тирана | Online состанок | Заедничка изјава од Скопје | Заедничка изјава од Белград | Тирана | Самит во Охрид | Самит во Белград<br>Фестивал на храна и вино<br>Забава за независноста |
| **Слободен проток на храна** | | | | | Меморандум за соработка стоки | | FSVP договор<br>Договор за ОЕО | Мем. за соработка - туризам<br>Мем. за соработка култура<br>Мем. за соработка даноци | Договор за безбедност на храна<br>Мем. за соработка филмографија и аудио-визуелни активности |
| **Слободно движење на работници и услуги** | | | | | Мем. за соработка пазар на труд | | Договор за лични карти<br>Договор за пазар на труд | Договор за академски квалификации | |
| **Други области** | | | | | Договор за заштита против непогоди | | | | Опер. план за цивилна заштита<br>Мем. за соработка енергетика АЛБ-СРБ |

Извор: лична елаборација на авторот, врз основа на https://pks.rs/open-balkan-sporazumi/razvoj-inicijative и https://vlada.mk/Otvoren-Balkan

## Анекс 2 Официјален документ усвоен во рамките на Берлинскиот процес

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Заклучоци од самитот** | Завршна декларација од Берлин од претседавачот | Завршна декларација во Виена од претседавачот | Завршна декларација Париз од претседавачот | Декларација од Трст од италијанскиот претседавач | Заклучоци на претседавачите Министри за економија, Министри за надворешни работи и шефови на држави | Заклучоци на претседавачот од Познан | Заклучоци на претседавачот од Софија | Заклучоците на претседавачот од Берлин |
| **Регионална економска интеграција** | | | | Повеќегодишен акциски план за регионална економска област | | Регионален договор за роаминг | Акциски план за заеднички регионален пазар | |
| **Агенди** | | Агенда за конективност на Западниот Балкан | Одржлива повелба за ЗБ | | Дигитална агенда за Западен Балкан | | Зелена агенда за Западен Балкан | |
| **Институции** | | Договор за ФЗБ | Договор за регионална канцел. за младинска соработка (RYCO) | Отпочнување на WB EDIF<br>Транспортна заедница<br>Секретаријат на WB6 CIF | | | | |
| **Декларации** | | Декларација за регионална соработка и решавање на билатерални спорови | | Заедничка декларација за борба против корупција | Заедничка декларација за регионална соработка и добрососедски односи<br>Декларација на владите на ЗБ за борба против корупција | Декларација за признавање на квалификации од високо образование | | |

Извор: лична елаборација на авторот врз основа на https://www.berlinprocess.de/

## Анекс 3 Статус на ратификација на потпишани договори во рамките на Иницијативата Отворен Балкан[79]

| Година | Албанија | Србија | Северна Македонија |
|---|---|---|---|
| **Договор за заштита против непогоди** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | Потпишан и ратификуван | Потпишан, во правна постапка |
| **Договор за безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | | Потпишан, во правна постапка |
| **Договори за ОЕО** | Потпишан | Со Албанија – потпишан<br>Со Северна Македонија – потпишан и ратификуван | Со Албанија – потпишан и ратификуван<br>Со Србија – потпишан и ратификуван<br>Потпишан, |
| **Договор за лични карти** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | Потпишан и ратификуван | Потпишан, во правна постапка |
| **Договор за пазар на труд** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | Потпишан и ратификуван | Потпишан, во правна постапка |
| **Договор за академски квалификации** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | Потпишан | Потпишан, во правна постапка |
| **Договор за безбедност на храна** | Потпишан, одобрен со одлука на Совет на министри | Потпишан | Потпишан |

Извор: лична елаборација на авторот, врз основа на: http://www.parlament.gov.rs; https://sobranie.mk/; Одлуките на Советот на министри на Албанија беа набавени преку личен контакт.

[79] Овој анекс беше додаден по завршувањето на истражувањето (14.10.2022) и го одразува статусот на ратификација од 17.11.2022.

## Анекс 4 Усогласеност на Иницијативата Отворен Балкан со пристапниот процес во ЕУ

| Кластер | Преговарачко поглавје | Важност / Број на активности | Подготвеност / Напредок[80] | | | Имплементирани или најавени активности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Албанија | Северна Македонија | Србија | |
| **1. Темелни вредности** | **Реформа на јавната администрација** | **Важно, одредени активности** | **3 / 1** | **3 / 1** | **3 /1** | **Е-портали за услуги за договорот за лични карти** |
| | 23 – Судство и основни права | Важно, некои активности | | | | |
| | Функционирање на судството | Важно, нема активности<br>Важно, нема активности | | | | |
| | **24 – Правда, слобода и безбедност** | **Важно, некои активности** | **2.5 / 2** | **3 / 2** | **2 / 2** | **Јакнење на прекугранична соработка во областа на безбедноста (најавено)** |
| | Економски критериуми – постоење на функционална пазарна економија | Не е одлучувачко | | | | |
| | Економски критериум – капацитет за справување со притисок на конкуренцијата и пазарни сили во унијата | Не е одлучувачко | | | | Сите активности придонесуваат индиректно |
| | 5 – Јавни набавки | Не е одлучувачко | | | | |

[80] Нумеричките проценка на нивото на подготвеност, што го покажува степенот на подготвеност во поглед на условите за членството во ЕУ, одговара на оценката на ЕК за секое поглавје, и тоа: рана фаза = 1; ниско ниво на подготвеност = 2; умерена подготвеност = 3; добро ниво на подготвеност = 4; прилично напредната = 5
Нумеричките проценки за напредокот, кои го изразуваат напредокот од претходниот извештај, соодветствуваат на оценката на ЕК за секое поглавје, и тоа на следен начин:
Заостанува = (-5):(-1); Нема напредок = 0; Ограничен напредок = 1; Одреден напредок = 2; Добар напредоок = 3; Многу добар напредок = 4

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **18 – Статистика** | **Важно, некои активности** | **3 / 1** | **3 / 3** | **3 / 2** | **Размена на статистички податоци според договорот** |
| | 32 – Финансиска контрола | Не е одлучувачко | | | | |
| **2. Внатрешен пазар** | 1 – Слободно движење на стоки | **Важно, некои активности** | **2, 5 / 1** | **3/0** | **3/2** | **Патоказ за меморандум Имплементација на меморандум за трговија со стоки** |
| | **2 – Слобода на движење на работници** | **Важно, значителен број на активности** | **2 / 2** | **1/0** | **3/2** | **Договор за лични карти**<br>**Договор за пазар на труд**<br>**Договори за социјално осигурување (планирани)** |
| | **3 – Право на основање и слобода на давање услуги** | **Важно, некои активности** | **3 / 2** | **3 / 1** | **3 / 1** | **Договор за заемно признавање на дипломи и научни степени** |
| | **4 – Слободен проток на капитал** | **Важно, некои активности** | **3 / 2** | **3 / 3** | **3 / 1** | **Ревизија на билатералните спогодби за инвестирање (најавено)**<br>**Заедничка агенција за привлекување инвестиции (во најава)** |
| | 6 – Закон за трговски друштва | Не е одлучувачко | | | | |
| | 7 – Закон за интелектуална сопственост | Важно, нема активности | | | | |
| | 8 – Политики за конкуренција | Важно, нема активности | | | | |
| | 9 – Финансиски услуги | Важно, нема активности | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **28 – Заштита на потрошувачите и здравје** | **Важно, некои активности** | **1 / 1** | **3 / 1** | **3 / 1** | **Укинување на PCR тестовите во текот на пандемијата** |
| **3. Конкуренција и инклузивен раст** | **10 – Информациско општество и медиуми** | **Важно, некои активности** | **3 / 1** | **3 / 1** | **3 / 1** | **Меморандум за соработка во кинематографијата и аудиовизуелните активности** |
| | **16 – Оданочување** | **Важно, некои активности** | **3 / 1** | **3 / 2** | **3 / 1** | **Меморандум за соработка на даночните тела** |
| | 17 – Економска и монетарна политика | Не е одлучувачко | | | | |
| | 19 – Социјална политика и вработување | Важно/Не е одлучувачко | | | | |
| | **20 – Претпријатија и индустриска политика** | **Важно, некои активности** | **3 / 2** | **3 / 2** | **3 / 2** | **Заедничко делување во конкретни сектори (култура, туризам, аудиовизуелни активности)** |
| | 25 – наука и истражување | Важно, нема активности | | | | |
| | **26 – Образование и култура** | **Важно, одредени активности** | **3 / 2** | **3 / 1** | **4 / 2** | **Меморандуми за културна соработка**<br>**Програми за размена и едукација** |
| | **29 – Царинска унија** | **Важно, значителен број на активности** | **3 / 1** | **4 / 2** | **4 / 1** | **Договор за заемно признавање на OEO Договор за безбедност на храна Договор за ветерина, безбедност на храна и сточна храна и фитосанитарна политика** |
| | 14 – Транспорт | Важно/Не е одлучувачко | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4. Зелена агенда и одржлива конективност** | **15 – Енергетика** | **Важно, одредени активности** | **3 / 1** | **3 / 1** | **3 / 1** | **Соработка во областа на енергетска безбедност (во најава)** |
| | 21 – Транс-европски мрежи | Важно/Не е одлучувачко | | | | |
| | **27 – Животна средина климатски промени** | **Важно, одредени активности** | **2 / 1** | **2 / 2** | **2 / 1** | **Договор за заштита од непогоди**<br>**Оперативен план за цивилна заштита** |
| **5. Ресурси, земјоделство и кохезија** | 11 – Земјоделство и рурален развој | Не е одлучувачко | | | | |
| | **12 – Безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика** | **Важно, одредени активности** | **2 / 1** | **4 / 2** | **3 / 1** | **Договор за ветеринарство, безбедност на храна и сточна храна и фитосанитарна политика**<br>**Договор за безбедност на храна** |
| | 13 – Риболов | Не е одлучувачко | | | | |
| | 22 – Регионална политика и координација на структурните инструменти | Не е одлучувачко | | | | |
| | 33 – Финансиски и буџетски одредби | Не е одлучувачко | | | | |
| **6. Надворешни односи** | 30 – Надворешни односи | Важно, нема активности | | | | Нормализација на односите помеѓу Косово и Србија |
| | 31 – Надворешна, безбедносна и одбранбена политика | Не е одлучувачко | | | | |
| **Посебни поглавја** | 34 – Институции | Не е одлучувачко | | | | |
| | 35 – Останати прашања | Не е одлучувачко | | | | |

Извор: лична елаборација на авторот